**Известување за концентрација со којаВолекс плцОбединето Кралство, стекнува контрола над Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.Ш. Турција (предмет бр. 08-94/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на контрола од страна на **Волекс плц** (Volex plc), со регистрирано седиште на Јунит Ц1 Антура, Бонд Клоуз, Басингстроук, Хемпшајр, РГ24 8ПЗ, Обединето Кралство, над **Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.Ш.** (Murat Ticaret Kablo Sanayi A.Ş.), со регистрирано седиште на ул. Беледије Санаји Ситеси, А Блок, Коцасинан, Бахчелиевелер, Истанбул, Турција и неговите поврзани друштва **Кабло Уцу Санаји ве Тиџарет А.Ш.** (Kablo Ucu Sanayi ve Ticaret A.Ş.), со регистрирано седиште на ул. Махмутбеј Јолу Коцасинан Беледијеси Ишани бр: 7 Бахчелиевелер, Истанбул, Турција и **Аку Баши Санаји ве Тиџарет А.Ш.** (Akü Başi Sanayi ve Ticaret A.Ş.), со регистрирано седиште на ул. Коцасинан Беледије Санаји Ситеси Бр:1 Бахчелиевелер, Инстабул, Турција, преку стекнување на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Главните активности на **Волекс плц** (Volex plc) се производство и продажба на електрични и информатички кабли, и вршење улога на крајно холдинг друштво на Волекс Групацијата на друштва (Volex Group;„Волекс Групација“). Волекс Групацијата е специјалист во производство на апликации за критични перформанси и снабдувач на електрични производи. Волекс Групацијата е присутна на разновидни пазари и има разновидни клиенти, со особена експертиза во составувањето на кабли, склопови од висока сложеност, производи од центри за податоци, електрични возила и електроника за широка потрошувачка. Производите на Волекс Групацијата се продаваат преку сопствена глобална продажна мрежа и преку дистрибутери до производители на оригинална опрема (ОЕМ) и друштва за електронски производствени услуги.

Волекс Групацијата нема регистрирано присуство во Северна Македонија, а остварила ограничени приходи преку продажба на електрични кабли од страна на зависно друштво на групацијата.

**Мурат Тиџарет Кабло Санаји А.Ш.** (Murat Ticaret Kablo Sanayi A.Ş.; „**Мурат Тиџарет**“) е друштво за кабли што работи на три континенти и опслужува клиенти во над 26 држави. Мурат Тиџарет произведува електрични жици, кабли за батерии и служи како снабдувач на производители на оригинална опрема на пазарите на јавен транспорт, градежништво, земјоделство, ракување со материјали, комунални возила, патнички автомобили, комерцијални возила и воени возила.

Преку своето зависно друштво во Северна Македонија – Мурат Виринг Системс Македонија ДОО Илинден, Мурат Тиџарет, со регистрирано седиште во Технолошко

индустриската развојна зона Бунарџик бр. 12.1 и 13.1-Скопје 2, Бунарџик, Илинден и претежна дејност – производство на други електронски и електрични жици и кабли, Мурат Тиџарет управува со производствен капацитет лоциран во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и во рамките на овој објект произведува кабелски склопови претежно за компании кои работат на пазарите за ракување со материјали, јавен транспорт, комунални возила и земјоделство.

**Кабло Уцу Санаји ве Тиџарет А.Ш.** (Kablo Ucu Sanayi ve Ticaret A.Ş.; „**Кабло**") произведува и му продава на Мурат Тиџарет и други друштва од групацијата, заедно со други трети страни во Турција. Кабло нема регистирано присуство и нема остварено приходи во Северна Македонија.

**Аку Баши Санаји ве Тиџарет А.Ш.** (Akü Başi Sanayi ve Ticaret A.Ş.; „**Аку Баши**") произведува и продава батериски терминали на Мурат Тиџарет и други друштва во групацијата, заедно со трети страни во Турција. Аку Баши нема регистирано присуство во Северна Македонија и нема остварено приходи во Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантниот пазар на стокиза предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазарот за обезбедување на примена за автомобилски кабли***. Во однос на географскиот опсег на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.06.2023 година
Скопје